АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
Бр.-Nr. 03-12113/1
28-12-2022 20___ год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА ПРОЦЕНКА ОД РИЗИЦИ ОД КОРУПЦИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА ЗА 2023 ГОДИНА

# PLANI VJETOR PËR VLERËSIMIN E RREZIQEVE NGA KORRUPSIONI NË AGJENCINË E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE PËR VITIN 2023

Скопје, декември 2022 година

Shkup, dhjetor 2022

## 1. ВОВЕД

Корупцијата претставува сериозна закана за правната држава и за демократијата. Една од темелните вредности на едно демократско општество е почитување на основните човекови и граѓански права и слободи. Корупцијата е спротивна на начелото на владеење на правото со што го загрозува развојот на општеството во целина и претставува директна закана за демократските институции и моралните основи на општеството.

Според Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) под корупција се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг, а под судир на интереси се подразбира состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

Поимот корупција, во смисла на Законот, ги опфаќа и поимите на:

- пасивна корупција - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

## 1. HYRJE

Korrupsioni pareqet një kërcënim serioz për shtetin ligjor dhe demokracinë. Një nga vlerat themelore të një shoqërie demokratike është respektimi i të drejtave dhe lirive themelore të njeriut dhe qytetarit. Korrupsioni është në kundërshtim me parimin e shtetit ligjor, i cili kërcënon zhvillimin e shoqërisë në tërësi dhe paraqet një kërcënim të drejtpërdrejtë për institucionet demokratike dhe themelet morale të shoqërisë.

Sipas Ligiit per parandalimin e korrupsionit dhe konfliktit te interesave ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" nr.12/19) me korrupsion nënkuptohet keqpërdorimi i funksionit, autorizimit publik, detyrës apo pozitës zyrtare për realizim të dobisë, drejtpërdrejt ose nëpërmjet ndërmjetësuesit, për vete ose për tjetër person, ndërsa konflikt të interesave nënkuptohet gjendja në të cilën personi zyrtar ka interes privat që ndikon ose mund të ndikojë mbi kryerje të paanshme të autorizimeve të tij publike ose detyrave zyrtare.

Nocioni korrupsion, në kuptimin e Ligjit, i përfshin edhe nocionet e:

- korrupsionit pasiv – veprim i qëllimshëm i personit zyrtar, i cili drejtpërdrejt ose tërthorazi, kërkon ose pranon dobi në cilëndo formë, për vete ose për person të tretë, ose pranon premtim për dobi të këtillë, me qëllim të veprojë ose të përmbahet prej veprimit në pajtim me obligimet e tij ose t'i ushtrojë kompetencat e tij në kundërshtim


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

me obligimet zyrtare dhe

- активна корупција - намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

- korrupsionit aktiv - veprim i qëllimshëm i cilit do person i cili drejtpërdrejt ose nëpërmjet ndërmjetësuesit, premton ose jep dobi në çfarëdo forme për person zyrtar, për vete ose person të tretë, me qëllim të veprojë ose të përmbahet prej veprimit në pajtim me obligimet e tij ose t'i kryejë kompetencat e tij në kundërshtim me obligimet zyrtare.

Годишниот план за проценка од ризици од корупција во Агенцијата за лекови и медицински средства во 2023 година (во натамошниот текст: Агенцијата) има за цел да воспостави систем на мерки кои ќе овозможат справување со корупцијата и идентификување на причините, условите и факторите кои ја овозможуваат.

Plani vjetor për vlerësimin e rreziqeve nga korrupsioni në Agjencinë e Barnave dhe Pajisjeve Mjekësore në vitin 2023 (në tekstin e mëtejmë: Agjencia) ka për qëllim të krijojë një sistem masash që do të mundësojnë përballjen me korrupsionin dhe identifikimin e shkaqeve, kushteve dhe faktorëve që e mundësojnë atë.

Во справувањето со корупцијата, Агенцијата ќе се насочи кон:

- ефикасно детектирање и идентификација на ризиците од корупција,
- унапредување на личниот и професионален интегритет на вработените од кои се очекува во нивното работење да бидат посветени исклучиво на јавниот интерес и на општото добро, да избегнуваат каков било судир помеѓу јавниот и приватнот интерес и да се спротивстават на секое нечесно, несовесно и недолично однесување и
- соодветно санкционирање на сторителите.

Në ballafaqimin me korrupsionin, Agjencia do të fokusohet në:

- detektimin dhe identifikimin efikas të rreziqeve nga korrupsioni,
- avancimin e integritetit personal dhe profesional të të punësuarve prej të cilëve pritet që në punën e tyre t'i përkushtohen ekskluzivisht interesit publik dhe të mirës së përgjithshme, të shmangin çdo konflikt ndërmjet interesit publik dhe atij privat dhe të kundërshtojnë çdo sjellje të pandershme, të pakujdesshme dhe të pahijshme dhe
- sanksionimin e duhur të autorëve.


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij“ numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

При утврдувањето на одговорноста за коруптивно однесување никој не смее да биде исклучок, ниту пак некој има право да го попречува, ограничува или на кој било начин да го оневозможува процесот на утврдување на одговорноста.

Gjatë përcaktimit të përgjegjësisë për sjellje korruptive, askush nuk duhet të jetë përjashtim dhe as nuk ka të drejtë ta pengojë, kufizojë ose në çfarëdo mënyre ta pamundësojë procesin e përcaktimit të përgjegjësisë.

Вработените во Агенцијата се должни работите и работните задачи да ги вршат квалитетно, одговорно, стручно, навремено, совесно, чесно, ефикасно и непристрасно во согласност со Уставот и законите, како и почитувње на одредбите од Кодексот за административните службеници и при тоа треба да задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес.

Të punësuarit e Agjencisë janë të detyruar ti kryejnë punët dhe detyrat e tyre në mënyrë cilësore, të përgjegjshme, profesionale, në kohë, të ndërgjegjshme, të ndershme, efikase dhe të paanshme në përputhje me Kushtetutën dhe ligjet, si dhe në përputhje me dispozitat e Kodit për nëpunësit administrativë, dhe duke vepruar në këtë mënyrë ata duhet të ruajnë standarde të larta për integritetin personal, etikën profesionale dhe shqetësimin për mbrojtjen e interesit publik.

Директорот и заменикот директор на Агенцијата како носители на јавни функции кои се именувани од страна на Владата на РСМ се должни да ги почитуваат Уставот, законските прописи и Кодексот за етичко однесување на членовите на Владата на РСМ и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата.

Drejtori dhe zëvendësdrejtori i Agjencisë si bartës të funksioneve publike të cilët janë emëruar nga Qeveria e RMV-së janë të obliguar të respektojnë Kushtetutën, rregulloret ligjore dhe Kodin e sjelljes etike të anëtarëve të Qeverisë së RMV-së dhe bartësve të funksioneve publike të emëruar nga Qeveria.

## 2. АНАЛИЗА НА РИЗИЧНИ ОБЛАСТИ ЗА КОРУПЦИЈА

Агенцијата, во рамките на делокругот на работењето, ги анализира ризичните области во кои може да се појави коруптивно однесување, така што активности на корупција може да се појават во повеќе области како што се:

- спроведувањето на јавните набавки,
- управувањето со човечките ресурси (вработувањето,

## 2. ANALIZA E FUSHAVE TË RREZIKUT PËR KORRUPSION

Agjencia, në kuadër të fushëveprimit të punës së vet, i analizon fushat e rrezikut në të cilat mund të paraqiten sjellje korruptive, kështu që aktivitete korruptive mund të paraqiten në më shumë fusha siç janë:

- zbatimi i furnizimeve publike,
- menaxhimi me burime njerëzore (punësimi, avancimi dhe lëvizshmëria

унапредувањето и мобилност преку распоредување или преземање на вработените во Агенцијата),

- издавањето на одобренија, дозволи и сертификати во постапките што се водат во Агенцијата согласно Законот за лековите и медицинските средства,
- назначувањето на членови во постојаните и повремените комисии и работните групи кои се формираат во Агенцијата и
- спроведувањето на инспекцискиот надзор.

Главните облици на корупцијата се манифестираат преку злоупотреба на службената положба и овластување (постапување или непостапување при извршувањето на работите и работните задачи), примање поткуп, изнуда, прифаќање на подароци и услуги, свесно губење на докази, подметнување на докази, овозможување да се избегне плаќање на надоместоци и административни такси, злоупотреба при користењето на службените возила, политичко влијание при назначување на членови во комисии и работни групи, вработување, унапредување и мобилност преку распоредување или преземање на вработените во Агенцијата спротивно на закон и др.

Потребно е јасно да се идентификуваат работните места со најголем ризик од корупција, од причина што некои работни места може да се поподложни на корупција од останаите, поради што е потребно во Агенцијата да се воспостави систем за проценка на ризик и управување со ризик и

përmes sistemimit ose transferimit të të punësuarve në Agjenci),

- lëshimi i pëlqimeve, lejeve dhe certifikatave në procedurat që udhëhiqen në Agjenci në përputhje me Ligjin për barnat dhe pajisjet mjekësore,
- emërimin e anëtarëve në komisionet dhe grupet punuese të përhershme dhe të përkohshme që formohen në Agjenci dhe
- zbatimin e mbikëqyrjes inspektuese.

Format kryesore të korrupsionit manifestohen përmes keqpërdorimit të pozitës dhe autoritetit zyrtar (veprim ose mosveprim në kryerjen e punëve dhe detyrave të punës), marrjes së ryshfetit, zhvatjes, pranimit të dhuratave dhe favoreve, humbjes me vetëdije të provave, përmbysjes së provave, mundësimit të shmangies së pagesës së kompensimeve dhe taksave administrative, keqpërdorimi në përdorimin e automjeteve zyrtare, ndikimi politik në emërimin e anëtarëve në komisione dhe grupe pune, punësimi, ngritja në detyrë dhe lëvizshmëria përmes sistemimit ose transferimit në detyrë të të punësuarve në Agjenci në kundërshtim me ligjin, etj.

Është e nevojshme që të identifikohen qartë vendet e punës me rrezikun më të lartë nga korrupsioni, sepse disa vende pune mund të jenë më të ndjeshme ndaj korrupsionit se të tjerat, prandaj është e nevojshme të krijohet një sistem vlerësimi dhe menaxhimi i rrezikut në Agjenci dhe të sigurohet suksesi i zbatimit

да се обезбеди негово успешно спроведување.

të tij.

## 3. ИДЕНТИФИКУВАЊЕ НА ПРИЧИНИТЕ, УСЛОВИТЕ И ФАКТОРИТЕ КОИ ЈА ОВОЗМОЖУВААТ КОРУПЦИЈАТА

Причини што би можеле да доведат до корупција се остварување на материјална или друга корист за себе или за друг од страна на вработените, заменик директорот и директорот во Агенцијата.

Условите и факторите кои би можеле да овозможат корупција се одредени ситуации и можности што им се укажуваат на вработените, заменик директорот и директорот при реализирање на активностите во претходно анализираните ризични области од работењето на Агенцијата.

## 3. IDENTIFIKIMI I SHKAQEVE, KUSHTEVE DHE FAKTORËVE QË E MUNDËSOJNË KORRUPSIONIN

Arsyet që mund të çojnë në korrupsion janë realizimi i dobive materiale ose dobive të tjera për vete ose për të tjerët nga të punësuarit, zëvendësdrejtori dhe Drejtori në Agjenci.

Kushtet dhe faktorët që mund të mundësojnë korrupsion janë situata dhe mundësi të caktuara të cilat u sugjerohen të punësuarve, zëvendësdrejtorit dhe Drejtorit gjatë realizimit të aktiviteteve në fushat e analizuara paraprake të rrezikut nga puna e Agjencisë.

## 4. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА АГЕНЦИЈАТА

Под транспарентност во работењето на Агенцијата се подразбира податоците и информациите од надлежност на Агенцијата да бидат јавно, навремено и лесно достапни на сите заинтересирани лица заради остварување на нивните права и интереси.

Согласно Законот за слободен пристап на информациите од јавен карактер, информациите од јавен карактер кои ги поседува Агенцијата, како и службеното лице за посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до

## 4. TRANSPARENCA DHE LLOGARIDHËNIA NË PUNËN E AGJENSISË

Me transparencë në punën e Agjencisë, nënkuptohet se të dhënat dhe informacionet në kompetencë të Agjencisë të jenë të aksesueshme publikisht, në kohë dhe lehtësisht për të gjithë personat e interesuar për qëllime të ushtrimit të të drejtave dhe interesave të tyre.

Në pajtim me Ligjin për qasje të lirë në informacione me karaker publik, informacionet me karakter publik që posedon Agjencia, si dhe personi zyrtar ndërmjetësues në ushtrimin e të drejtës për qasje të lirë në informacione me karakter publik, janë publikisht të aksesueshme


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

информации од јавен карактер се јавно достапни и објавени на веб – страницата на Агенцијата https://www.malmed.gov.mk

Агенцијата има подготвено Процедура за начинот на постапување по доставени пријави од укажувачи којашто исто така ќе придонесе за ефективна и ефикасна борба со корупцијата. Соглсно Законот за заштита на укажувачи има назначено овластено лице за прием на пријави доставени од укажувачи заради заштитено внатрешно пријавување чиишто податоци се јавно достапни на веб – страницата на Агенцијата.

Отчетност во работењето на Агенцијата подразбира дека Агенцијата дава извештај за својата работа и постигнувања пред граѓаните. Годишниот извештај за работењето на Агенцијата, директорот го доставува до Владата најдоцна до 31 март во тековната за претходната година и откако ќе биде усвоен од Владата годишниот извештај се објавува на веб – страницата на Агенцијата.

Информации за релизацијата на јавните средства обезбедени од буџетот на Агенцијата може да се најдат преку пребарување по институции на следната веб адреса: https://open.finance.gov.mk

dhe janë të publikuara në ueb faqen e Agjencisë https ://www. malmed.gov.mk

Agjencia ka përgatitur Procedurë për mënyrën e veprimit ndaj denoncimeve të paraqitura nga denoncuesit, e cila gjithashtu do të kontribuojë në një luftë efektive dhe efikase kundër korrupsionit. Në pajtim me Ligjin për mbrojtjen e denoncuesve, një person i autorizuar është emëruar për të pranuar denoncimet e paraqitura nga denoncuesit me qëllim të mbrojtjes së denoncimeve të brendshme, të dhënat e të cilit janë të aksesueshme publikisht në ueb faqen e Agjencisë.

Llogaridhënia në punën e Agjencisë nënkupton që Agjencia raporton për punën dhe arritjet e saja para qytetarëve. Raportin vjetor për punën e Agjencisë, Drejtori ia dorëzon Qeverisë më së voni deri më 31 mars të vitit aktual për vitin paraprak, dhe pas miratimit të tij nga Qeveria, raporti vjetor publikohet në ueb faqen e Agjencisë.

Informacionet për realizimin e mjeteve publike të siguruara nga buxheti i Agjencisë mund të gjenden duke kërkuar për institucionet në adresën e mëposhtme të internetit: https://open.finance.gov.mk

## 5. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ ВО АГЕНЦИЈАТА

## 5. AKTIVITETET E PLANIFIKUARA PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT DHE KONFLIKTIN E INTERESIT NË AGJENCI

Антикорупциските активности во Агенцијата

Aktivitetet kundër korrupsionit në Agjenci do


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij“ numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

ќе бидат насочени кон:

- спроведување политика на нулта толеранција за корупцијата и судирот на интереси,
- искоренување на корупцијата и на незаконските политики преку воспоставување на систем на владеење на правото во кој вработените ќе се спротивставуваат на корупцијата,
- јакнење на интегритетот на вработените,
- унапредување на професионалноста на вработените преку доследно почитување на законскте прописи и подзаконските акти,
- департизација и деполитизација на вработените,
- спречување на политичко и друг вид на влијание во постапките за вработување, унапредување и мобилност преку распоредување или преземање на вработените во Агенцијата, како и при назначувањето на членови во комисиите и работните групи формирани во Агенцијата и
- санкционирање на сите форми на корупција во Агенцијата.

Во таа насока на вработените во Агенцијата ќе им биде обезбедена обука за начинот на спречување на корупцијата и судирот на интереси која ќе опфати препознавање и елиминирање на ризиците од појава на корупција, неетичко однесување, итно

të orientohen në drejtim të:

- zbatimit i një politike të tolerancës zero për korrupsionin dhe konfliktin e interesit,
- çrrënjosjen e korrupsionit dhe politikave të paligjshme duke krijuar një sistem të sundimit të ligjit në të cilin të punësuarit do t'i kundërvihen korrupsionit,
- forcimit të integritetit të të punësuarve,
- promovimit të profesionalizmit të të punësuarve nëpërmjet respektimit të vazhdueshëm të rregulloreve ligjore dhe akteve nënligjore,
- departamentizimit dhe depolitizimit të të punësuarve,
- parandalimit të ndikimit politik dhe të llojeve të tjera në procedurat për punësim, avancim dhe lëvizshmëri përmes sistemimit ose transferimit në detyrë të të punësuarve në Agjenci, si dhe në emërimin e anëtarëve në komisionet dhe grupet e punës të formuara në Agjenci dhe
- sanksionimit të të gjitha formave të korrupsionit në Agjenci.

Në këtë drejtim, të punësuarve të Agjencisë do t'u ofrohet trajnim për mënyrën e parandalimit të korrupsionit dhe konfliktit të interesave, i cili do të përfshijë njohjen dhe eliminimin e rreziqeve të paraqitjes së korrupsionit, sjelljeve joetike, shqyrtimit të menjëhershëm të të


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij“ numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk

разгледување на сите случаи на сомневање на постоење на корупција и судир на интереси или на вистински настантата корупција и судир на интереси.

gjitha rasteve të dyshuara për korrupsion dhe konflikt të interesit apo korrupsionit të paraqitur aktual dhe konfliktit të interesit.

Имплементацијата на Годишниот план за проценка од ризици од корупијата во Агенцијата за 2023 година е обврска на сите раководители на сектори и одделенија во Агенцијата кои треба да ги запознаат вработените со неговата содржина и доследно спроведување во пракса.

Implementimi i Planit vjetor për vlerësimin e rrezikut nga korrupsioni në Agjenci për vitin 2023 është përgjegjësi e të gjithë udhëheqësve të sektorëve dhe njësive në Agjenci, të cilët duhet t'i njoftojnë të punësuarit me përmbajtjen e tij dhe për zbatimin e qëndrueshëm në praktikë.

Годишниот план за проценка од ризици од корупија во Агенцијата за 2023 година ќе биде објавен на веб-страницата на Агенцијата.

Plani vjetor për vlerësimin e rreziqeve nga korrupsioni në Agjenci për vitin 2023 do të publikohet në faqen e internetit të Agjencisë.

В.Д. Директор / U.D. Drejtori
М-r farm. spec. Lirim Shabani


Агенција за лекови и медицински средства Скопје
Agjencia e barnave dhe pajisjeve mjekësore Shkup
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, кат 1-ви 1000, Скопје, Република Северна Македонија
Rr. „Shën Kirili dhe Metodij" numër 54, kati i parë 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 5112-394
www.malmed.gov.mk